ИНТЕРВЈУ | ЦЕНТРИ ЗА ИЗВОНРЕДНОСТ ВО НАТО | ОКЛОПНО ВОЗИЛО „TERREX“ 8X8 | „LOCKHEED YF-12“

# ШТИТ

Број 147
Јануари 2022

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2022

Република Северна Македонија

## Дел од воздушното патролирање на НАТО







Интервју со генерал Фернандо де ла Круз Каравака







# Република Северна М
# дел од воздушното патро

Небото на Северна Македонија со официјалниот почеток на НАТО „Air policing“ мисијата во нашата земја, и официјално стана дел од колективниот систем на Алијансата за воздушно патролирање. Реализацијата на мисијата „Air policing“ во нашата земја е јасен приказ за функционирање на колективната одбрана на сите земји членки на Алијансата. На 9 декември во касарната во Петровец се одржа церемонија со која се одбележа почетокот на оваа НАТО мисија, за чија реализација на 15 ноември беше потпишан и технички аранжман. На настанот беше вклучен НАТО авион од типот „Авакс Е-3А“, задолжен за командување и контрола, ловци на грчкото воено воздухопловство од типот „Ф-16“ и владиниот авион „Лирџет“. На настанот присуствуваа министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, командантот на Комбинираниот воздухопловен оперативен центар во Торехон, Шпанија, генерал-потполковник Фернандо де ла Круз Каравака, министри во Владата, пратеници во Собранието и претставници на воено-дипломатскиот кор.

Мисијата за воздухопловно патролирање на нашето небо ја раководи Сојузничката воздухопловна команда на НАТО, тактичката контрола на мисијата е под раководство на Центарот за комбинирани воздухопловни операции во Торехон, Шпанија, а воздухопловните капацитети за реализација на оваа мисија се од грчкото воено воздухопловство. НАТО мисијата за воздухопловно патролирање на небото на Северна Македонија  е всушност продолжување на „Air policing“ мисијата која Северна Македонија ја договори билатерално со Република Грција во септември 2019 година, но отсега под команда на Алијансата. „Тука, на аеродромот во Петровец, можевме да видиме како изгледа НАТО мисијата за воздушно патролирање на небото над Северна Македонија, со што и нашиот воздушен простор целосно се приклучи во системот на НАТО воздушното патролирање и од денеска да можеме да кажеме дека безбедноста на нашето





# Македонија,
# лирање на НАТО

небо е дел од НАТО безбедноста“, рече министерката Шекеринска. Министерката истакна дека Северна Македонија беше сигурен партнер на Алијансата, а сега е сигурен сојузник во НАТО на кој може да му се верува. „Успеавме во најкус временски период да ја завршиме воената интеграција со НАТО и затоа продолжуваме и понатаму да го зголемуваме нашето одбранбено буџетирање, финансирањето на нашите одбранбени способности, но и да го зголемуваме нашиот придонес кон регионалната безбедност. ‘Заедно сме посилни’, тоа беше нашето мото, нашата мотивација да станеме членка на НАТО. Денеска можевме да видиме дека таа гаранција и тоа членство значи поголема безбедност и сигурност за сите наши граѓани, како на земја, така и во воздух“, рече таа. Министерката Шекеринска им се заблагодари на нашите грчки сојузници кои покажаа подготвеност со свои капацитети да го заштитуваат нашето небо, што најдобро покажува како треба да соработуваат две соседни, пријателски и сојузнички земји. Командантот на Комбинираниот воздухопловен оперативен центар во Торехон, Шпанија, генерал-потполковник Фернандо де ла Круз Каравака, кој пристигна со авионот „Авакс“, истакна дека земјава треба да биде горда што соработува заедно со останатите земји во НАТО и ја унапредува регионалната стабилност и безбедност.

Кристина Илиевска







# содржина

ШТИТ ▌година XIV ▌број 147 ▌јануари 2022

Интервју со
**генерал-потполковник Фернандо де ла Круз Каравака** 5

НАТО активности
**Центри за извонредност во НАТО** 8

НАТО активности
**Вештачка интелигенција во НАТО: динамична адаптација, одговорна употреба – втор дел** 10

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Воспоставување мировна мисија** 13

Воена едукација
**Скриена иновација** 20

Родова еднаквост
**Министерска конференција за регионална соработка за родова еднаквост на земјите од Западен Балкан** 24

Вооружување
**Оклопно возило „Terrex“ 8x8** 32

Вооружување
**Проектот „Zulfiqar“** 36

Вооружување
**„Bristol Beaufighter“** 39

Воени музеи
**Интернационален музеј на шпионажата** 45

Легендарни македонски пилоти
**Блаже Трошановски Непоколеблив авијатичарски ентузијаст** 48

Уметниците и војната
**Кунијоши, последниот укио** 54

Филм
**„Францускa свита“** 56

**Селото Трново – село со прекрасна природа** 58

# Брифинг

Оваа 2022 година е јубулејна година за Армијата на Република Северна Македонија. Оваа 2022 година ќе го прославиме јубилејот 30 години од формирањето на нашата армија и во текот на целата оваа година ќе се потсетуваме на значајните настани кои го одбележаа формирањето и развојот на Армијата. Поминаа 30 години од далечната 1992 година кога официјално се конституираше армијата на новата независна македонска држава. Минувајќи низ многубројни трансформации, кои подразбираа и совладување на многу задачи, предизвици и императиви – денес, со гордост можеме да потврдиме дека секој напор и секоја исполнета обврска вредеше и дека после 30 години навистина имаме армија која е целосно изградена и воено интегрирана во НАТО, армија во која работат посветени и професионални припадници. Сите ние, кои целиот свој професионален ангажман го поминуваме во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Северна Македонија, бевме и сè уште сме директни сведоци и учесници во изградбата и во развојот на нашата армија. И, затоа, брифингот за борбената подготвеност на Армијата од страна на началникот на ГШ на Армијата пред претседателот на државата и врховен командант на Армијата, беше посебно значаен и нè направи горди што сме дел од Армијата и од Министерството за одбрана. На брифингот пред претседателот Пендаровски, на кој беа присутни министерката за одбрана Радмила Шекеринска, генералите во Армијата и претставници од Кабинетот на претседателот и од Министерството за одбрана, од страна на началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески, беше претставена состојбата и реализацијата на планираните активности според функционалните области кои се дел од борбената готовност. Пред воениот врв беа презентирани реализираните задачи и достигнувања на Армијата во 2021 година, како и клучните задачи за следната 2022 година по области. Генералот Ѓурчиновски ја истакна подготвеноста на командите и единиците на Армијата за реализација на сите активности од планираната динамика во процесот на достигнување на целите на способност на НАТО. Беше истакнато залагањето и професионалното извршување на задачите на припадниците на Армијата, со кое беа реализирани сите планирани активности и задачи, како и подготвеноста за асистенција на државните институции и помош на граѓаните. Министерката Радмила Шекеринска во своето обраќање на брифингот ја потенцираше годишнината од членството во НАТО, истакнувајќи: „Вредно работевме и на воената интеграција и ја завршивме во рекордно време, за само 19 месеци, со што станавме препознатливи како држава во НАТО која најбрзо ја заврши воената интеграција, што е континуитет на успешната политика во МО, која почна со зголемувањето на буџетот, набавките на нова опрема, членството во НАТО и севкупното зајакнување на капацитетите на Армијата“. Претседателот и врховен командант, Стево Пендаровски, пред учесниците на брифингот го изрази своето задоволство од професионалноста, посветеноста и покажаната пожртвуваност на припадниците на Армијата во справувањето со пандемијата и пожарите низ земјата и изјави дека инвестирањето во модернизирањето и опремувањето на Армијата ќе продолжи, што повратно ќе влијае и врз економскиот раст и повисокиот животен стандард на граѓаните.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)






ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана https://mod.gov.mk/штит

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.







# Терористичката организација ИД-К – нов безбедносен предизвик за Авганистан

Нападот на аеродромот во Кабул се случи само неколку дена по објавата на претседателот на САД, Џо Бајден, во која предупредува дека филијалата на групата Исламска држава која дејствува во Авганистан има намера да ги нападне цивилите на аеродромот и воените сили на САД. Подоцна, во октомври 2021 година, врз шиитската џамија во градот Кундуз беше извршен самоубиствен бомбашки напад. Џамијата била преполна за петочната молитва, а од експлозијата биле повредени повеќе од 140 лица, а најмалку 50 се убиени. Неколку часа по експлозијата, одговорноста за настанот го презеде ИД-К.

Која е оваа филијала на терористичката организација Исламска држава? Нејзиното име потекнува од провинцијата Хорасан, историски регион во централна Азија кој го опфаќа и Авганистан, и таа е официјална филијала на движењето Исламска држава која оперира во Авганистан (The Islamic State Khorasan Province, IS-K), и е призната од главното раководство на Исламската држава во Ирак и во Сирија. Официјално е основана во јануари 2015 година и за кратко време ИД-К успеа да оствари контрола на територијата во неколку рурални области во северен и североисточен Авганистан и започна смртоносна кампања низ Авганистан и Пакистан. Во првите три години, ИД-К започна терористички напади против одредени групи, институции и владини цели во поголемите градови низ Авганистан и Пакистан. До 2018 година, таа стана една од првите четири најсмртоносни терористички организации во светот. ИД-К најпрво започна да ја консолидира територијата во јужните области на провинцијата Нангархар, која се наоѓа на североисточната граница на Авганистан со Пакистан и е местото на поранешното упориште на Ал Каеда во областа Тора Бора. ИД-К ја искористи својата позиција на границата за да изврши регрутација и да собере материјално-технички резерви од племенските области

> На 26.8.2021 година, во терористички напад врз толпа на луѓе собрани пред аеродромот во Кабул – Авганистан, загинаа најмалку 100 луѓе, вклучувајќи ги и 13 американски војници. Одговорноста за овој терористички напад ја презеде терористичката организација Исламска држава, односно нејзината филијала во Авганистан, ИД-К. ИД-К ја презеде одговорноста за координираниот самоубиствен бомбашки напад и напад со огнено оружје



на Пакистан, како и да го искористи искуството на другите локални групи со кои формираше оперативни сојузи. Има докази дека групата е финансирана, советувана и обучувана од јадрото на групата Исламска држава.
Стратегија на ИД-К е да воспостави контрола и да го прошири идеолошкото влијание на јадрото на организацијата Исламска држава и, исто така, да ги прошири границите на својот таканаречен калифат во Централна и Јужна Азија. Таа има цел да се етаблира како водечка џихадистичка организација во регионот, а делумно со преземање на влијанието коешто го оставија во наследство џихадистичките групи коишто оперираа во регионот пред нив. Исто како и филијалите во Ирак и во Сирија, ИД-К преку своите искусни оперативци во сојуз со други терористички групи реализираше катастрофални терористички напади. Овие напади се насочени кон малцинствата како што се авганистанските Хазари и Сики, како и новинари, хуманитарни работници, персонал од безбедносниот сектор и владина инфраструктура. Целта на ИД-К е да создаде хаос и неизвесност, во обид во нивните редови да ги привлече разочараните борци од другите терористички и бунтовнички групи, и да ја поткопа способноста на владејачката структура да обезбеди сигурност за населението. Меѓутоа, кон крајот на 2019 година, во акции преземени од страна на западните сојузници со авганистанските партнери, по претрпените територијални загуби и ликвидирање на дел од лидерите, ситуацијата кулуминираше со предавање на преку 1400 нејзини борци, а ИД-К беше прогласена за поразена.
За ИД-К, авганистанските Талибанци претставуваат стратешки ривали. За нив авганистанските Талибанци се „националисти“ коишто имаат амбиции да формираат влада која ќе



ИД-К е основана од поранешни членови на пакистанските Талибанци, авганистанските Талибанци и Исламското движење на Узбекистан. Меѓутоа, со текот на времето, во групата се приклучија и екстремисти од други терористички групи. Една од најголемите предности на групата е нејзината способност максимално да го искористи искуството на локалните борци и команданти



биде ограничена само на границите на Авганистан. Всушност, двете групи подолго време меѓусебно се во конфликт. Најголем јаз помеѓу двете групи е идеологијата. ИД го следи салафистичкиот правец на исламот, а Талибанците, конзервативното Деобанди-учење. ИС-К се стреми кон Калифат што би се протегал од Јужна Азија до Централна Азија, Талибанците пак, барем за почеток, се задоволни само со емират во Авганистан. Друга спорна точка им е шеријатското право и како го толкуваат. За ИС-К, толкувањето на шеријатот од страна на Талибанците не е толку строго, поради што ги сметаат за „отпадници“, особено откако Талибанците потпишаа мировен договор со САД и со тоа според терористите на Исламската држава ги изневериле целите на џихадот. И, секако, неодамна, кога Талибанците влегоа во Кабул, голем број џихадистички организации им го честитаа успехот, а ИД најави дека борбата против Талибанците нема да запре. Јасно е дека намерите на Талибанците се во спротивност со целта на терористичката организација Исламска држава, а тоа е воспоставување на глобален калифат. Од своето основање, ИД-К се обиде да регрутира дел од авганистанските талибанци. Овие напори на ИД-К наидоа на одреден успех, но Талибанците успеаја да ги сопрат предизвиците на групата со извршување напади и операции против персоналот и позициите на ИД-К. Овие судири против ИД-К често се случуваа во координација со американските и авганистанските воздушни сили. Она што е јасно е дека поголемиот дел од загубите на раководството на ИД-К беа резултат на операциите предводени од страна на воените сили на западните сојузници и Авганистан, а особено од реализираните воздушни напади. Во изминатите години ИД-К ги изврши најсмртоносните напади во Кабул. Во своите ќелии групата регрутира главно помлади лица. За разлика од Талибанците, кои ја претставуваат главната бунтовничка група во земјата и коишто обично регрутираат мажи од руралните заедници, луѓе кои што се невработени, необразовани и се етнички Паштуни, терористичката организација ИД-К има тенденција да регрутира мажи и жени коишто не се Паштуни, но се образовани студенти од семејства од средната класа. Овие регрути се привлечени кон ИД-К од различни причини, а како главна причина се смета решеноста на организацијата за воведување на „чиста“ идеологија и нејзината





решеност да ја спроведе својата бескомпромисна верзија на исламот во практика.  Други фактори коишто ги привлекуваат регрутите кон ИД-К се неговиот внатрешен егалитаризам, односно истакнување на исти права за секого, стремеж за  општествено изедначување, еднаквост, можноста за брак со други салафисти-џихадисти и можноста да живеат во „земјата на калифатот“. Меѓутоа, на уште пониско ниво, корените на масовната регрутација на млади салафи-џихадисти се наоѓаат во распаѓањето на традиционалното општество, процес што започна во 1970-тите години во руралниот дел на Авганистан и се интензивираше како сеопфатна урбанизација којашто создаде нови генерации на урбани доселеници. Денес, како релативно ослабена организација, непосредни цели на ИД-К се да ги пополни своите проретчени редови и да ја нагласи својата решителност преку напади од висок профил. Тоа ќе ѝ помогне и понатаму да остане важен фактор во регионот на Авганистан – Пакистан. Нејзин интерес е да ги нападне западните сојузници, но степенот до кој групата е во состојба да инспирира и насочува напади сè уште е под знак прашање. Сепак, ИД-К во Авганистан се покажа како многу поголема закана отколку што се претпоставуваше. Покрај нападите против авганистанските малцинства и цивилните институции, групата има цел меѓународни хуманитарни работници, а во јануари 2021 година имаше и обид да го убие главниот американски претставник во Кабул. Сè уште е рано да се предвиди дали повлекувањето на САД од Авганистан ќе биде од корист за терористичката организација ИД-К, но нападот на аеродромот во Кабул ја покажува континуираната сериозна закана

која ја претставува групата. На краток рок, ИД-К најверојатно ќе ги продолжи своите напори да сее паника и хаос, за да покаже дека авганистанските Талибанци не се способни да го заштитат населението. Ако групата е во состојба да воспостави некое ниво на територијална контрола на подолг рок и да регрутира повеќе борци, најверојатно ќе биде подготвена да се врати и да претставува закана на национално, на регионално и на меѓународно ниво. Според извештајот на ОН, неколку месеци пред повлекувањето на американските сили од Авганистан, од 8000 до 10000 џихадистички борци од Централна Азија, од регионот на Северен Кавказ во Русија, од Пакистан и од регионот Ксинџијанг во западна Кина, се упатиле во Авганистан. Дел од нив се приврзаници на Талибанците или на Ал Каеда, но дел се сојузници со Исламската држава. Дополнително, Авганистан е крајно ранлив поради неговите постоечки околности и проблеми, распространетата сиромаштија, глад и неочекуваното брзо преземање на власта од страна на Талибанците. Покрај тоа, ликвидноста на авганистанскиот банкарски систем, е пред колапс. Основните здравствени услуги, претходно целосно финансирани од програми на донатори, пропаѓаат, здравствените установи немаат медицински материјали, а здравствените работници не земаат плата веќе неколку месеци. Образованието е уште поконтроверзен сектор отколку здравството во однос на Талибанците во врска со школувањето на девојчињата и прашањата за наставната програма. Најстрашните импликации за жал ќе бидат на товар на самиот авганистански народ, со ризик од целосно гладување – состојба што не се случила повеќе од 40 години за време на претходните конфликти. Во регионот ќе се зголеми притисокот од Авганистанците кои ќе се обидуваат да имигрираат во соседните земји, првично во Пакистан и во Иран, а подоцна и подалеку. Како што состојбата во земјата ќе продолжува да се влошува, бегалската криза и криумчарењето луѓе ќе биде во пораст. Кон западните демократски држави значително ќе бидат зголемени барањата за хуманитарна помош. Хуманитарната помош ќе биде од суштинско значење за да се намали гладот, но нема да може ни од блиску да го реши економскиот шок од кој страда државата, бидејќи во минатото земјата добиваше помош од 600 до 700 милиони долари месечно. Очигледно во годините што следат

ИД-К отворено соработува со талибанската мрежа Хакани, а според западните разузнавачки агенции, најголемиот дел од терористичките напади во Авганистан во периодот помеѓу 2019 и 2021 година се извршени од ИД-К, во соработка со Хакани-мрежата, поддржани и од други милитантни ектремистички групи стационирани во Пакистан

Исто така, дејствувањето на оваа терористичка организација веќе не е ограничено и концентрирано само на источниот дел од државата како што беше претходно.
Исламистичката милитантност подразбира да се биде антидржавен и антизападен, а Талибанците, сега, откако го преземаа управувањето со државата, сакаат да соработуваат со западните земји. Сепак, ова за Талибанците ќе претставува потешкотија, бидејќи ќе треба да ги убедат своите команданти коишто со години се бореа за антизападната џихадистичка кауза, а ИД-К очигледно ќе ја искористи оваа ситуацијата.
Не може да се предвиди колку долго Талибанците би можеле да ја задржат контролата во Авганистан. Талибанците ветија поблаг режим, но терористичките организации како ИД



терористичката организација Исламска држава ќе се вкорени во Авганистан и во Пакистан и ќе го шири и ќе го практикува насилниот екстремизам во Јужна и Централна Азија. Самоубиствениот напад врз џамијата во Кундуз и убиството на најмалку 50 лица, сите од прогонуваното шиитско малцинство во Авганистан, е сериозен потсетник дека конфликтот во земјата е далеку од завршен. ИД-К, со седиште во Авганистан, којашто е продолжена рака на терористичката организација ИД, ја презеде одговорноста, а омразата на ИД кон Шиитите одамна е добро позната. Во Ирак и во Сирија, ИД систематски ги таргетираше Шиитите, кои ги нарекува „отфрлачи“ на верата, а таквите напади ги искористи за да ја мобилизира поддршката од сунитските тврдокорни поддржувачи и да предизвика секташки конфликти. Сите овие настани ни укажуваат дека способноста на ИД-К да презема сè посериозни напади пораснала.

остануваат закана за Талибанците, исто како што претходно беа за западните сојузници. Справувањето со предизвикот за радикализација кон салафистичкиот џихадизам бара долгорочни стратегии и поиновативни методи, во споредба со воените операции за неутрализирање и заробување на милитантните екстремисти. Промовирањето на дијалогот помеѓу младите во Авганистан ќе им застане на патот на оние коишто ја посакуваат радикализацијата. Во Авганистан е потребен поголем политички плурализам на национално ниво, кој ќе им овозможи на верските конзервативци да ја одиграат својата улога во владата, наместо да бидат потиснати, исклучени или поткупени од неа. За жал, за народот на Авганистан, стариот 40-годишен конфликт продолжува, без разлика кој е на власт во Кабул.

д-р Ненад Танески